Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување Решението за
констатирање престанок на мандатот на Лилјана Кузмановска
член и претседател на Советот на Општината Битола,
заради неспоивост на функцијата член на Советот
со пратеник во Собранието на Република Македонија

1. Го објавувам Решението за констатирање престанок на мандатот на Лилјана Кузмановска член и претседател на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 11.07.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1519/1
12.07.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 46  став 1 алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 8 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08 и 44/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.07.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за констатирање престанок на мандатот на Лилјана Кузмановска
член и претседател на Советот на Општината Битола,
заради неспоивост на функцијата член на Советот
со пратеник во Собранието на Република Македонија

1. Се констатира престанок на мандатот на Лилјана Кузмановска, член и претседател на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, сметано од 25.06.2011 година..

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-1435/3
11.07.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницата на Советот на Општината Битола
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување Решението за избор на
претседател и членови на Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комиснја, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 11.07.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1519/2
12.07.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.07.2011 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател и членови на
Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

За претседател Димче Попов

За членови:

Николина Ристевска,
Лилјана Обедниковска,
Томислав Стојчевски и
Драган Ристевски

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, доставеното уверение од страна на членот на Советот, како и по утврдувањето на неговиот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатот на членот на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-1435/4
11.07.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницата на Советот на Општината Битола
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за верификација на
мандатот на член на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 11.07.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-1519/3
12.07.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.07.2011 година, донесе

# О Д Л У К А

## за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола

### Член 1

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Битола Владо Ивановски, избран на локалните избори одржани на 22.03.2009 година од листата на кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и Здружената коалиција.

### Член 2

Мандатот на новоизбраниот член на Советот ќе трае до крајот на мандатот на членовите на Советот на Општината Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-1435/5
11.07.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницата на Советот на Општината Битола
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението
за избор на Претседател
на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за избор на Претседател на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 11.07.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1519/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 12.07.2011 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Владимир Талески |

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.07.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за избор на Претседател
на Советот на Општината Битола

1. За претседател на Советот на Општината Битола се избира Силвана Ангелевска.

2. Мандатот на претседателот на Советот на Општината Битола започнува од 11.07.2011 година и ќе трае се до одржувањето на нови избори за членови на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-1435/6
11.07.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницата на Советот на Општината Битола
Борис Дарковски